This Project is funded by the European Union

**Оглас за ангажирање на**
**Асистент за мониторинг за спроведување на активности туторство и менторство и професионален развој**

Ромаверзитас Македонија е партнерска организација на Ромскиот едукативен фонд во Будимпешта (РЕФ) и како таква е назначена за учество во регионалниот проект "Зголемени можности за образование на студенти Роми и млади Роми во Западен Балкан и Турција", финансиран од Европската Унија.

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во рамки на проектот: „Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“, објавува повик **за ангажирање на Асистент за мониторинг за спроведување на активностите туторство и менторство и професионален развој.**

## Позадина на проектот

Проектот има за цел да го намали јазот помеѓу Ромите и не-Ромите во учеството и завршувањето на квалитетно образование преку родово чувствително програмирање, да ја подобри транзицијата на учениците Роми од образованието кон вработувањето и да промовира долгорочни системски промени и десегрегација на образовните системи во Западен Балкан и Турција.

Целите на проектот ќе се постигнат преку:

- доделување стипендии за ученици Роми во средното образование;
- поддршка на транзицијата помеѓу нивоата на образование и вработувањето;
- градење на капацитетите на надлежните органи и нивно разбирање на специфичните предизвици со кои се соочува ромската заедница;

поддршка на регионално вмрежување и размена на искуства со цел да се придонесе кон вклучување на Ромите во националните политики и, каде што е релевантно, промени во политиките и законодавството.

## Опис на работни задачи за позицијата

- Асистентот за мониторинг за спроведување на активностите туторство и менторство ќе биде одговорен за организирање и следење на теренското спроведување на менторството и туторството за корисниците на стипендија
- Теренски посети во градовите каде што се спроведуваат туторски и менторски часови

- Учество во подготовка на планови за работа и следење на имплементацијата на активностите на туторите и менторите
- Подготовка на извештаи од имплементацијата на планот на туторите и менторите по спроведениот мониторинг
- Асистира и помага во подготовка на извештаи до координаторот на проектот за сите аспекти поврзани со туторство, менторство и професионален развој на корисниците на стипендија
- Организира работилници поврзани со професионалниот развој на корисниците на проектот
- Подготвува извештаи за напредокот и професионалниот развој на корисниците на проектот
- Подготовка и архивирање на документи потребни за овие активности
- Поддржува  и спроведува активности во соработка со координаторот на проектот

**Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните услови :**

1. Да имаат завршено минимум средно образование
2. Солидно познавање на пишан и говорен англиски јазик

**Заинтересираните кандидати треба да ги поседуваат следните вештини и кфалификации :**

1. Развиени комуникациски вештини
2. Способност за работа под динамични околности
3. Добро познавање на Microsoft Office
4. Да поседуваат искуство во мониторирање на активности и подготовка на извештаи
5. Да бидат мотивирани да патуваат во внатрешноста од градовите каде што се спроведува проектот

**Место на извршување на работните задачи и времетраење на ангажманот :**

Работните задачи ќе се извршуваат во канцеларијата на Здружението на граѓани Ромаверзитас и во градовите каде што се спроведуваат активностите менторство и туторство
Ангажираното лице ќе патува во градовите каде што се спроведува проектот минимум 2 пати месечно согласно планот и временската рамка на активностите на проектот.

**Насоки за аплицирање :**

Сите заинтересирани кандидати треба да ја достават следната документација :

1. CV
2. Мотивационо писмо
3. Копија од диплома за завршен степен на образование

romaversitas macedonia

ROMA EDUCATION FUND
Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

Краен рок за пријавување е 7 дена од датумот на објавување на јавниот повик односно до 30.04.2019 година.

Комплетна документација може да се достави електронски на следната адреса емаил адреса: office@romaversitas.org.mk

Или по пошта на следната адреса **Здружение на граѓани „Ромаверзитас, ул. 11 Октомври бр. 8/1-2, 1000 Скопје**
Ненавремената и некомплетната документација нема да се разгледува и истата нема да влезе во конкуренција со останатите кои се пријавиле на конкурсот.

Врз база на проценката на квалитетот и комплетноста на пристигнатите пријави ќе се генерира скратена листа на кандидати. Само кандидатите кои ќе бидат на скратена листа ќе бидат повикани на интервју.

**Датум:**
24.04.2019

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union